РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2016 година

# СОДРЖИНА


Резиме ... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ... 3

Број на работници во индустријата ... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ... 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 5

Инфлација ... 6

Берзански цени ... 7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ... 8

Увоз ... 9

Салдо на трговска размена ... 10

Валутна структура ... 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ... 11

Буџетски расходи ... 12

Буџетско салдо ... 13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ... 13

Плати ... 14

Пензии ... 15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ... 16

Депозитен потенцијал ... 16

Кредити на банките ... 17

Каматни стапки на депозитни банки ... 17

Пазар на капитал ... 17

Девизни резерви ... 18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2016 година

- Индустриското производство во април 2016 година во споредба со април 2015 година забележа раст од 3,6%;

- Потрошувачките цени во април 2016 година се намалија за 0,7% во однос на април 2015 година, по годишниот пад на цените од 0,4% претходниот месец;

- Во периодот јануари- април 2016 година извозот забележа раст од 9,3%, а увозот за 4,2%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 6,6% споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - април 2016 година изнесуваа 55.417 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 6,2% во однос на истиот период 2015 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 60.547 милиони денари, што е за 3,6% повеќе во однос истиот период 2015 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 7,5% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 3,1%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство




Во април 2016 година индустриското производство забележа раст од 3,6% во споредба со април 2015 година. Растот најмногу се должи на зголемувањето на производството во секторот Преработувачка индустрија од 9,4%, со придонес во вкупниот раст на индустриското производство од 7,6 процентни поени. Во останатите сектори е забележан пад, и тоа во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (пад од 29,5% и негативен придонес од 2,7 процентни поени), и во секторот Рударство и вадење камен (пад од 10,2% и негативен придонес од 1,0 процентен поен).

Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство во април 2016 година има гранката Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (3,5 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (2,7 процентни поени).

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари-април 2016 година во однос на истиот период во 2015 година забележа раст од 8,7%. Раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 12,6%, додека пад има кај секторите: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 12,3% и Рударство и вадење камен од 3,6%.




Податоците за индустриското производство по наменски групи во април 2016 година во однос на април 2015 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Капитални производи од 36,5%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 6,1% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,1%. Пад е забележан во групите Енергија од 28,1% и Трајни производи за широка потрошувачка од 3,8%.

На кумулативна основа, во периодот јануари-април 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст е забележан во групите: Капитални производи од 46,5%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,2% и Интермедијарни производи, освен енергија од 3,7%, додека пад е забележан во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 17,3% и Енергија од 8,1%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во април 2016 година забележа раст од 1,1%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 0,9%. Раст е забележан и во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,8% и Рударство и вадење камен од 2,3%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во периодот јануари-април 2016 година во споредба со истиот период претходната година е зголемен за 1,6%. Раст е забележан во сите сектори, и тоа: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,8%, Преработувачка индустрија од 1,6% и Рударство и вадење камен од 1,0%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во април 2016 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 10,8%, Интермедијарни производи, освен енергија од 3,9%, Енергија од 3,0% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,5%. Пад е забележан единствено кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,6%.

На кумулативна основа, во периодот јануари-април 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст на бројот на работници е забележан во следните наменски групи: Капитални производи од 17,0%, Интермедијарни производи, освен енергија од 4,3% и Енергија од 2,8%. Намалување на бројот на работници е забележан во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,8%, додека бројот на работници во групата Трајни производи за широка потрошувачка остана непроменет.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во април 2016 година е поповолна во однос на март 2016 година, како и во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во април изнесува 64,1%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога

износувало 63,3%. Споредено со април 2015 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 1,1 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во април 2016 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 25,6%, недоволната домашна побарувачка со 16,9%, недостигот на квалификувана работна сила со 16,3%, финансиските проблеми со 7,9%, неизвесното економско опкружување со 7,8% и конкурентниот увоз со 7,2%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во април во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се дека тој ќе се зголеми, додека залихите на готови производи се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во април 2016 година издадени се 228 одобренија за градење, што претставува зголемување од 8,6% во однос на истиот месец претходната година. Во однос на март 2016 година, кога биле издадени 196 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење бележи раст од 16,3%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во април 2016 година е зголемена за 20,3% на годишна основа. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите се зголемила за 3,2%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 138 (или 60,5%) се наменети за објекти од високоградба, 29 (или 12,7%) за објекти од нискоградба и 61 (или 26,8) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 228 издадени одобренија за градба на 138 (или 60,5%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 90 објекти (или 39,5%) инвеститори се деловни субјекти.

Во април 2016 година предвидена е изградба на 461 стан, со вкупна корисна површина од 36.417м². Бројот на предвидени станови за изградба споредено со април 2015 година е зголемен за 11,9%, а на месечна основа е намален за 12,5%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во април 2016 година се намалија за 0,7% во однос на април 2015 година, по годишниот пад на цените од 0,4% претходниот месец. Просечната стапка на инфлација во првите четири месеци од 2016 година изнесува -0,2%.




Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во април забележа годишен пад на цените од 2,3%, главно како резултат на намалените цени во поткатегориите Зеленчук од 14,6% и Месо од 2,4%.

Годишен пад на цените во април е регистриран и во категориите: Транспорт од 3,8%, Здравје од 2%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,7% и Останати стоки и услуги од 0,6%.

Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Рекреација и култура од 4,7%, следена од порастот на цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,1%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 2,6%, Облека и обувки од 2,3%, Комуникации од 1,7%, Ресторани и хотели од 1,3% и Образование од 0,4%.




Потрошувачките цени во април 2016 година се зголемија за 0,1% во однос на претходниот месец. Зголемување на цените е забележано во категориите: Транспорт од 3,1%, Облека и обувки од 1,4%, Рекреација и култура од 0,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,1%. Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,6%, Здравје од 0,5% и Останати стоки и услуги од 0,1%.

Цените во категориите Комуникации, Образование и Ресторани и хотели останаа непроменети.

Цените на мало во април 2016 година во однос на истиот месец претходната година се намалени за 0,6%, додека споредено со претходниот месец се зголемени за 0,5%. Цените на мало во првите четири месеци од 2016 година се пониски за 0,5%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во април 2016 година во споредба со претходниот месец се зголеми за 8,1% и изнесуваше 42,3 долари за барел. Во однос на април 2015 година, цената на нафтата се намали за 28,9%. Цената на природниот гас во април на месечна основа се зголеми за 4,0%.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во април 2016 година се тргуваше со просечна цена од 8.879 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува зголемување на цената од 1,9% на месечна основа. Во април, месечен раст на цените се забележува и кај некои од останатите основни метали. Така, цената на цинкот се зголеми за 3,0%, на алуминиумот за 2,6% и на калајот за 0,8%. Цената на оловото и на бакарот во април бележат намалување за 3,9% и 1,6%, соодветно. Цената на железната руда во април, во однос на март 2016 година, се зголеми за 8,9%.




Во однос на благородните метали, цената на среброто во април, споредено со претходниот месец, се зголеми за 5,8%, на платината за 2,7%, додека пак цената на златото во април забележа намалување од 0,2%. Анализирано на месечна основа, во април цената на пченицата на светските берзи се намали за 2,0%, додека цената на пченката на месечна основа се зголеми за 3,3%. Цената на јагнешкото месо во април 2016 година, во однос на март 2016 година бележи раст од 1,8%.

# *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите четири месеци од 2016 година изнесува 3.221,6 милиони евра, што претставува раст од 6,3% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари – април 2016 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 71,1%, што претставува зголемување од 2,6 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - април 2016 година вредноста на извезените стоки изнесува 1.339,5 милиони евра и бележи раст од 9,3% (114,3 милиони евра) во однос на истиот период во 2015 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 13,5%.

Вредноста на извезените стоки во април 2016 година изнесува 356,1 милион евра и бележи раст од 20,6% (60,9 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 33,8%.

Анализирано на месечно ниво, во април 2016 година извозот бележи раст од 2% (7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен раст од 2,9%.




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - април 2016 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 49% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – април 2016 година споредено со истиот период од 2015 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Западен Балкан и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и

нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 16,2% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 8%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 81,9% и 11,1% соодветно.




## Увоз

Во периодот јануари – април 2016 година вредноста на увезените стоки изнесува 1.882,2 милиона евра и бележи раст од 4,2% (76,1 милион евра) во однос на истиот период во 2015 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 1,9%.




Вредноста на увозот во април 2016 година изнесува 525,7 милиони евра, што претставува зголемување за 5,6% (27,7 милиони евра) во однос на истиот месец од 2015 година, а увезените количини стоки се зголемени за 2,5%.

Анализирано на месечно ниво, во април 2016 година увозот бележи раст од 0,1% (0,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 4%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2015 | I - IV - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 15,2 | 16,7 | 1,5 | 9,9 |
| Мил. ЕУР | 8,4 | 6,3 | -2,1 | -25,4 |
| Мил.$ | 9,3 | 7,0 | -2,4 | -25,5 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2015 | I - IV - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 287,3 | 327,2 | 40,0 | 13,9 |
| Мил. ЕУР | 127,4 | 94,4 | -33,0 | -25,9 |
| Мил.$ | 141,4 | 104,9 | -36,4 | -25,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2015 | I - IV - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 6,3 | 4,5 | -1,9 | -29,6 |
| Мил. ЕУР | 223,4 | 291,7 | 68,2 | 30,5 |
| Мил.$ | 247,6 | 324,8 | 77,1 | 31,1 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2015 | I - IV - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 9,8 | 8,8 | -0,9 | -9,5 |
| Мил. ЕУР | 37,8 | 59,0 | 21,1 | 55,9 |
| Мил.$ | 41,8 | 65,6 | 23,8 | 56,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2015 | I - IV - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 187,5 | 184,8 | -2,7 | -1,4 |
| Мил. ЕУР | 183,1 | 116,2 | -66,9 | -36,5 |
| Мил.$ | 203,0 | 129,6 | -73,5 | -36,2 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2015 | I - IV - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 204,2 | 259,9 | 55,8 | 27,3 |
| Мил. ЕУР | 97,8 | 94,9 | -3,0 | -3,0 |
| Мил.$ | 108,3 | 105,5 | -2,7 | -2,5 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите четири месеци од 2016 година, трговскиот дефицит се намали за 6,6% односно 38,2 милиона евра споредено со истиот период минатата година.




Во април 2016 година трговскиот дефицит се намали за 16,4% односно 33,2 милиона евра споредено со април минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, транспортна опрема, храна и пијалаци и стоки за инвестиции без транспортна опрема, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – април 2016 година 86,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Србија и Грција, а потоа следуваат: Турција, Италија, Бугарија, Романија, САД и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и БиХ.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 85,6% од трговската размена во периодот јануари - април 2016 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период во 2015 година претставува зголемување од 4 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,9% и 80,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 6,3 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 2,2 п.п. во однос на периодот јануари – април 2015 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - IV - 2015 | | | | | I - IV - 2016 | | | | | | |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 1.012,8 | 1.413.080.422 | 61,5629 | 86.993.328.731 | 78,2 | 1.273,6 | 1.513.592.445 | 61,6769 | 93.353.689.895 | 80,4 | 100.512.023 | 7,1 |
| УСД | 835,3 | 408.121.004 | 55,1873 | 22.523.096.309 | 20,3 | 538,1 | 386.160.049 | 55,5875 | 21.465.671.732 | 18,5 | -21.960.955 | -5,4 |
| ГБП | 2,2 | 6.625.901 | 83,3579 | 552.321.219 | 0,5 | 1,7 | 5.882.467 | 79,6221 | 468.374.407 | 0,4 | -743.434 | -11,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.850,4 | | | 110.068.746.259 | 98,5 | 1.813,4 | | | 115.287.736.035 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 1.853,4 | | | 111.202.525.426 | 100,0 | 1.818,3 | | | 116.097.570.585 | 100,0 | | 4,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - април 2016 година изнесуваа 55.417 милиони денари, односно 9,4% од БДП, што претставува поголемо остварување за 6,2% во однос на истиот четиримесечен период во 2015 година.




Даночните приходи во периодот јануари - април се реализирани во износ од 32.609 милиони денари, односно 5,5% од БДП и во однос на истиот период во 2015 година се зголемени за 6,6%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 15.804 милиони денари и забележа зголемување од 23,5% во однос на истиот период во 2015 година, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи е доминантно и изнесува 48,5%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 21.062 милиона денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 5.258 милиони денари.

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз, кој забележа поголемо остварување за 7,1%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 14,6%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа помало остварување за 90,4%.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 4.385 милиони денари и забележуваат раст од 7,2% на годишна основа, при што речиси 2/3, односно 66,8% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,8% од приходи од капитал, 6,0% од приходи по основ на договор на дело, 3,9% од приходи од имот и имотни права и 2,1% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој четиримесечен период изнесуваа 4.365 милиони денари и забележаа намалување од 28,8% во однос на истиот период претходната година.

Акцизите се остварени во износ од 6.289 милиони денари (учество од 19,3% во даночните приходи) и забележаа поголемо остварување од 4,2% во однос на истиот период минатата година. Приходите од царина беа остварени во износ од 1.558 милиони денари и забележаа зголемување од 16,1%.

Приходите од други даноци со остварен износ од 208 милиони денари забележаа поголемо остварување за 1,5% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 16.111 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 6,2% споредено со истиот период во 2015

година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 6,4%, кај придонесите за здравствено осигурување за 6,0% и кај придонесите за вработување за 6,3%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 3.855 милиони денари и во однос на истиот четиримесечен период во 2015 година забележаа помало остварување од 7,2% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 1.196 милиони денари, што претставува зголемување од 155% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.011 милиони денари, односно намалување од 7,0% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи

Во периодот јануари - април 2016 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 60.547 милиони денари, односно 10,2% од БДП, што е повеќе за 3,6% во однос на истиот период 2015 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 56.319 милиони денари учествуваа со 93,0% (учество од 9,5% во БДП) и се зголемени за 6,2% во однос на истиот период во 2015 година.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 8.516 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,1% и во однос на 2015 година се зголемени за 6,3%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 4.794 милиони денари и споредено со истиот период во 2015 година забележаа намалување од 17,5%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 41.436 милиони денари (7,0% од БДП). Средствата за трансфери забележаа зголемување од 10,3% споредено со истиот период во 2015 година и истите учествуваа со 68,4% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 29.738 милиони денари, забележаа раст од 10,0% и учествуваа со 49,1% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 18.429 милиони денари, се зголемија за 11,6%, споредено со истиот четиримесечен период од 2015 година и учествуваат со 30,4% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 18,6%, односно забележаа зголемување од 11,9%, споредено со истиот период во 2015 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 4.994 милиони денари забележаа зголемување од 1,5%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 22,7% повеќе.

Каматните расходи изнесуваат 1.573 милиони денари, што е намалување од 4,3% во споредба со истиот период во 2015 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа намалени за 8,4%, додека каматите од странско задолжување беа реализирани во идентичен износ во споредба со истиот период 2015 година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 4.228 милиони денари со структурно учество од 7,0% во вкупните расходи (0,7% учество во БДП).

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – април 2016 година во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 5.130 милиони денари (0,9% од БДП) и во однос на истиот период од 2015 година е намален за 18,5%, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 5.111 милиони денари.

## *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари - април 2016 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 61.464 нови засновани работни односи. Вкупниот број новоработени во овој период е поголем за 2,2% во однос на истиот период од 2015 година.

Од вкупниот број новоработени, 49,5% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во април 2016 година 27,7% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица изнесува 206.772, од кои 111.168 се активни баратели на работа, а 95.604 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 7,5%.

Најголем дел од невработените лица (68,0%) се градско население, а според полова структура 59,6% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,1% од невработените се со непотполно средно

образование или помалку, 30,0% се со завршено средно образование, додека 14,9% имаат вишо или повисоко ниво на образование.




По возрасни групи, најголемиот дел или 54,1% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 53,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,9% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во март 2016 година оствари годишен раст од 3,0%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,1%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (16,8%), Информации и комуникации (14,6%) и Градежништво (12,8%). Реалните плати во март забележаа годишен раст од 3,5%.




Просечната номинална бруто-плата во март 2016 година оствари годишен раст од 3,0%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,0%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (16,5%), Информации и комуникации (13,1%), и Градежништво (12,8%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 3,4%.



Процентот на вработени кои не примиле плата во март 2016 година изнесува 1,3% и во однос на истиот месец претходната година е повисок за 0,2 п.п., а за 0,1 п.п. повисок во однос на февруари 2016 година.

### Пензии

Во април 2016 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 301.999 пензионери, што претставува зголемување од 1,8% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е помал за 82 лица. Од вкупниот број пензионери, 61,0% се корисници на старосна пензија, 25,4% на семејна пензија и 13,6% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во април 2016 година изнесува 13.048 денари и е зголемена за 5,0% во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во март 2016 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,3%.

Просечната старосна пензија во април изнесува 14.417 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 11.780 денари, а просечната семејна пензија 10.413 денари. За исплата на пензиите во април 2016 година се потрошени 3.831,25 милиони денари, што претставува 52,4% од вкупните социјални трансфери.




## МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во април 2016 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.



## Примарни пари

Во април 2016 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 7,5% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 14,9% и 0,2%, соодветно.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 1,8%, при раст на готовите пари во оптек од 6,1% и намалување на вкупните ликвидни средства на банките од 2,7%.

## Депозитен потенцијал

Во април 2016 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 2,2% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата забележаа пад од 3,7% и 1,8%, соодветно. Од аспект на валутата, во април 2016 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за 4,2%, додека депозитите во странска валута се зголемија за 0,8%.




| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( април 2016 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **298137** | **-2,2%** | **3,1%** |
| Денари | *172981* | -4,2% | 1,7% |
| Странска валута | *125156* | 0,8% | 5,2% |
| Краткорочни | *146906* | -1,1% | -0,8% |
| Долгорочни | *81674* | -1,3% | 2,6% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **280062** | **0,01%** | **7,5%** |
| Денари | *225613* | *0,2%* | 10,7% |
| Странска валута | *54449* | -0,9% | -3,9% |
| Краткорочни | *61796* | -1% | -0,5% |
| Долгорочни | *185536* | 0,4% | 11,6% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *30013* | -0,03% | 1,9% |

Извор: НБРМ

Вкупниот депозитен потенцијал во април 2016 година оствари раст од 3,1% на годишна основа.

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута забележаа раст од 1,7% и 5,2%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 0,9%, а депозитите на претпријатијата се зголемија за 7,4%. Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се намалија за 0,8%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 2,6%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58%.

## Кредити на банките

Во април 2016 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор останаа речиси непроменети во споредба со минатиот месец (зголемување од 0,01%). Секторската анализа укажува дека во април кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,7%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,9%. Од аспект на валутата, во април 2016 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа раст од 0,2%, а девизните кредити се намалија за 0,9%.

На годишна основа, во април 2016 година вкупните кредити се зголемија за 7,5%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 3,7% и раст на кредитите кон домаќинствата од 12,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,7%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 3,9%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 11,6%, а краткорочните кредити се намалија за 0,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во април 2016 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,4% и е намалена за 0,1 п.п. на месечно ниво. Каматните стапки на денарските кредити останаа непроменети и изнесуваат 6,7%, додека каматните стапки на девизните кредити на месечно ниво се намалија за 0,1 п.п. и изнесуваат 5,5%.

Каматни стапки на депозитни банки, април 2016 година; Извор:НБРМ




Вкупната каматна стапка на депозитите во април изнесува 1,8% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се непроменети во споредба со минатиот месец и изнесуваат 2,5% и 1,1%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во април 2016 година регистрираше раст од 25,9% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување за 23,5%, додека прометот од блок трансакции се намали за 2,5%. Во април 2016 година беше остварен промет од јавни берзански аукции во износ од 11,2 милиона денари.

Вкупниот промет на берзата во април 2016 година изнесуваше 213 милиони денари што претставува зголемување од 29,2% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во април 2016 година изнесуваше 1.746,42 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 1,9%, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 2,7%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на април 2016 година изнесуваа 2.193,9 милиони евра и во однос на претходниот месец се повисоки за 72,5 милиони евра, додека во однос на април 2015 година се намалени за 150,4 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk